ПРВО ИЗДАНИЕ, ЈУНИ 2023 ГОДИНА

# АЈДЕ ДА СЕ СООЧИМЕ СО ОТПАДОТ!

## Регионални партнерства за одржливи решенија за отпад



ПРЕОБРАЗУВАЊЕ НА ПРЕДИЗВИКОТ ВО МОЖНОСТ

ЗАЕДНО КОН УТРЕ

ПРВИ ЧЕКОРИ КОН ПРОМЕНА

**Уредници:**
Мартин Николиќ и Хелена Олсон

**Соработници:**
Бојана Станојевска Пецуровска, Пер-Олоф Халберг, Јама Омари, Емил Ангелов

**Дизајн на публикацијата:**
Design Infestation

SALAR International вложи напори за да се осигура дека податоците, анализите, мислењата и другите информации што се користат во брошурата се точни. Иако прибрани од извори за кои се верува дека се веродостојни, SALAR International препознава дека не може да се гарантира точноста на користените податоци или информации. Комплетноста и точноста на сите податоци и информации користени за изработка на брошурата зависат од изворите на таквите податоци и информации, кои пак се надвор од контрола на SALAR International.

SALAR International сака да им се заблагодари на сите институции и поединци кои учествуваа во процесот за нивната безрезервна поддршка и придонес. © SALAR International, 2023. Сите права се задржани.

SALAR International

# ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ НА ЛОКАЛНО НИВО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# СОДРЖИНА



*“Ова е возбудливо време за државата, обележано со значителни промени во политиките, регулативата и иницијативите насочени кон подобрување на практиките за управување со отпад”*

СТРАНИЦА


1 ТРАНСФОРМИРАЊЕ НА ПРЕДИЗВИКОТ ВО МОЖНОСТ: ПРЕЗЕМАЊЕ НА ВОДСТВОТО ЗА ОДРЖЛИВА ИДНИНА — 1

2 ЗАЕДНО КОН УТРЕ: ПРЕКУ СОРАБОТКА КОН ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ — 5

3 НАШИТЕ ЗЕЛЕНИ ПОБОРНИЦИ: ФОКУС ВРЗ ПИЛОТ ОПШТИНИТЕ — 7

4 ПРВИ ЧЕКОРИ КОН ПРОМЕНА: ПОЧЕТНИ РЕЗУЛТАТИ И ИНОВАТИВНИ РЕШЕНИЈА — 9

5 ОСНАЖУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ: ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИНКЛУЗИЈА, УЧЕСТВО И РОДОВА ЕДНАКВОСТ — 13

6 ПРОСЛАВУВАЊЕ НА НАПРЕДОКОТ: УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ ОД ШВЕДСКА, СРБИЈА И СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА — 15

7 МУГРИТЕ НА НОВАТА ЕРА: ПРОЕКТИРАНИ РЕЗУЛТАТИ И ИДНАТА ВИЗИЈА — 19

8 ПРИДРУЖЕТЕ СЕ НА РЕВОЛУЦИЈАТА: АЈДЕ ДА РАБОТИМЕ ЗАЕДНО ЗА ПООДРЖЛИВА ИДНИНА! — 21

БЛАГОДАРНОСТ — 22

# 1 ТРАНСФОРМИРАЊЕ НА ПРЕДИЗВИКОТ ВО МОЖНОСТ: ПРЕЗЕМАЊЕ НА ВОДСТВОТО ЗА ОДРЖЛИВА ИДНИНА



**Одржливите практики за управување со отпад повеќе не се само идеал; тие се суштински дел од одржувањето на деликатната рамнотежа на нашите екосистеми и ублажувањето на еколошката криза со која се соочува нашата планета денес.**

**Препознавајќи ја оваа итност, напорите ширум светот се фокусирани на префрлање од традиционалните, линеарни методи на „земи-направи-одложи“ отпад кон покружни и поеколошки пристапи, со нагласок врз намалување на отпадот, рециклирање и обновување.**

**Во Северна Македонија, оваа свест расте и е во центарот на локалните и националните развојни агенди. Земјата дава соодветен одговор на збиднувањата, при што гледа на овој еколошки предизвик како на можност за трансформирање и иновации, за поставување на темелите за поодржлива иднина.**

**Ова е возбудливо време за државата, обележано со значителни промени во политиките, регулативата и иницијативите насочени кон подобрување на практиките за управување со отпад. Сепак, ова патување не е без предизвици. Тоа бара посветеност и комбинирани напори на различни засегнати страни, од креаторите на политиките и лицата кои работат во областа до секој граѓанин.**

# НАМАЛИ, РЕЦИКЛИРАЈ И ОПОРАВИ



*"Препознавајќи ја оваа итност, напорите ширум светот се фокусирани на префрлање од традиционалните, линеарни методи на „земи-направи-одложи" отпад кон покружни и поеколошки пристапи, со нагласок врз намалување на отпадот, рециклирање и обновување."*

### РАЈАН НОКС, ДИРЕКТОР, САЛАР ИНТЕРНЕШНАЛ



“Експоненцијалниот раст на отпадот бара соработка, иновативни идеи и промени во практиките за да се обезбеди поодржлива иднина. Лидерство со визија и процеси на инклузивен развој можат да отворат нови можности за локалните власти да се справат со промената. Подобреното работење и резултати во општините кога станува збор за управување со отпадот ќе дадат опипливи придобивки во помагањето да се создаде чиста и безбедна средина, а со тоа и придобивки за квалитетот на животот на луѓето. Услугите за различни етнички заедници, покриеноста на руралните области и влијанието на повисоките тарифи врз сиромашните домаќинства се важни работи што треба да се земат предид во реформирањето на системот за управување со отпад.

За да ја поддржи оваа промена, САЛАР Интернешнал со финансиска поддршка од Шведската агенција за меѓународен развој (Сида) го иницираше проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво во Северна Македонија“. Усвојувајќи холистички пристап, проектот ќе работи со различни нивоа на управување, односно со локално, регионално и национално ниво. На локално ниво, ќе работи со општинските администрации, локалните јавни комунални претпријатија и граѓаните за подобрување на планирањето за управување со отпад, како и за инклузивна и одржлива испорака на услуги. На регионално ниво, со промовирање на учење и на меѓуопштинска координација, работејќи со заедницата на локалната самоуправа, ЗЕЛС, ќе поддржи поширока група на општини за да го подобрат планирањето и резултатите со отпадот и да ги применат практиките за вклучување на родовата перспектива во испораката на локалните услуги. Конечно, работејќи со Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за локална самоуправа и други национални и регионални актери, ќе се обиде да ја подобри координацијата на повеќе нивоа и да промовира структурирана комуникација, како и координација, со што ќе ги подобри капацитетите на владата за поддршка на локалните власти во спроведувањето на стандардите за отпад на ЕУ.

Конечно, управувањето со отпадот е важна област за локалната демократија во Северна Македонија. Доколку општините не успеат ефективно да се справат со преминот кон меѓуопштински систем, тие може да ризикуваат да им бидат намалени нивните надлежности на ова поле. Шведските општини имаат долгогодишна техничка и организациска експертиза за одржливо управување со отпадот што може да ја поддржи оваа промена, особено основањето и работењето на меѓуопштински здруженија и компании.

Ајде заеднички да работиме за промената што ни е потребна!”

*“Подобреното работење и резултати во општините кога станува збор за управување со отпадот ќе дадат опипливи придобивки во помагањето да се создаде чиста и безбедна средина, а со тоа и придобивки за квалитетот на животот на луѓето.”*

*Рајан Нокс, директор, САЛАР Интернешнал*

### АНА КАРАНФИЛОВА, РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОРОТ ЗА ОТПАД, МЖСПП



“Управувањето со отпадот е прашање од критична важност за Северна Македонија, длабоко поврзано со нашите национални цели и стратегии за животната средина. Ефективното управување со отпадот е повеќе од само еколошка потреба - тоа е начин за заштита на нашите природни ресурси, заштита на јавното здравје и создавање одржлив раст за нашата економија.

Министерството за животна средина и просторно планирање е предводник во унапредувањето на практиките за управување со отпад во Северна Македонија. Воспоставуваме и спроведуваме регулативи, развиваме и спроведуваме национални стратегии и водиме кампањи за подигање на јавната свест, сето тоа насочено кон промовирање на ефикасно управување со отпадот. Овие напори се совпаѓаат со проектот предводен од САЛАР Интернешнал, кој ја поддржува нашата мисија и ги зголемува нашите напори за реализација на нашите цели за управување со отпад.

Додека работиме рака под рака со партнерите на овој проект, учиме од најдобрите светски практики и применуваме иновативни решенија на локално ниво. Оваа соработка ни овозможува да го премостиме јазот помеѓу нашите национални директиви и нивната практична имплементација низ сите општини, забрзувајќи го нашето патување кон почиста, поздрава и поодржлива иднина.”



# 2 ЗАЕДНО КОН УТРЕ: ПРЕКУ СОРАБОТКА КОН ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ

### АНДЕРС ХЕНРИКСОН, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ШВЕДСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ВЛАСТИ И РЕГИОНИ (САЛАР)



“Задоволство ми е да забележам дека Шведската асоцијација на локални власти и региони (САЛАР), преку својата меѓународна подружница - САЛАР Интернешнал, го проширува своето партнерство со Република Северна Македонија во промовирањето на локалното лидерство за одржлив развој. Ова е одлична можност, и за САЛАР, како и за нашите партнери во Република Северна Македонија, да промовираат локална демократија, децентрализација и одржлив локален развој.

САЛАР е голема организација со долга историја на поддршка на шведските општини за тие да обезбедат подобри и поефикасни услуги за граѓаните. Од 1980-те, преку меѓународна развојна соработка, САЛАР го пренесува своето знаење и искуства на глобално ниво. Ние цврсто веруваме дека шведското искуство на општините и регионите, како посебна карактеристика на шведскиот политички систем веќе неколку децении, може да придонесе за демократскиот развој на локалното и регионалното ниво во земјите кои се посветиле на промоција на улогата на локалната самоуправа во полето на одржлив развој.

Нашето заедничко партнерство неизбежно ќе придонесе кон напорите на Република Северна Македонија кон интегративните цели во ЕУ. Промовирањето на локалните капацитети ќе го зголеми проактивниот ангажман на локалните самоуправи во севкупните процеси на пристапување во ЕУ. Улогата на општините, како најблиско ниво на власт до граѓаните, е да овозможи спроведување на законодавството и политиките развиени на национално ниво, вклучително и оние кои треба да се усогласат со правото на ЕУ. Силните капацитети, ресурсите и, што е најважно, ефективната комуникација меѓу државата и локалните самоуправи, ќе бидат фактори на успех. Проектот ќе опфати неколку вида на техничка помош, од развој на капацитети во општинското планирање, преку заштита на животната средина и природата, до локален социо-економски развој, инкорпорирање на пристапи засновани на човекови права и родово сензитивни пристапи.

Можноста е тука и би ги повикал нашите партнери да преземат водство и да го поттикнат одржливиот локален развој кон глобално влијание! Ви благодарам!”

### РИСТО ПЕНОВ, МИНИСТЕР ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА



“Министерството за локална самоуправа се залага преку спроведување на активни мерки да се намалат развојните разлики меѓу општините и меѓу планските региони.  Тоа би значело повоедначени услуги за граѓаните, без разлика на местото на живеење, затоа што секој граѓанин има право на еднаков пристап до јавните услуги - пристап до квалитетна инфраструктура, вода за пиење, соодветно отстранување на цврст отпад, социјална инфраструктура.

Нашите стратешки документи - Стратегијата за регионален развој 2020-2030 година и Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година - ги опфаќаат овие приоритети. Исто така се работи на континуирано зајакнување на капацитетите на општините и на Центрите за развој на планските региони. Целта е да се подигне квалитетот на услугите во согласност со стандардите на европското законодавство.

Управувањето со цврст отпад е голем предизвик за локалните власти затоа што бара значителни финансиски ресурси и техничко знаење.

Преку поддршката што ја обезбедува проектот се очекува општините и јавните претпријатија да ги зајакнат капацитетите за поефикасен, одржлив пристап за управување со цврстиот отпад во согласност со стандардите на Европската унија.”

## ДУШИЦА ПЕРИШИЌ, ИЗВРШНА ДИРЕКТОРКА НА ЗЕЛС



“Имајќи предвид дека соработката е двигател на овој проект, ЗЕЛС ќе има премостувачка улога помеѓу националните и локалните чинители и нашата сестринска организација САЛАР Интернешнал. Оваа улога е клучна за обезбедување непречен проток на комуникација, споделување експертиза и севкупна координација на активностите.

Една од нашите примарни одговорности е да ги олесниме споделувањето знаења и размената на најдобри практики меѓу партнерските општини. Организираме работилници, семинари и обуки за да им помогнеме на локалните власти да ја разберат важноста на одржливото управување со отпадот, да учат од успесите на другите општини и да усвојат ефективни практики кои можат да се прилагодат на нивните специфични контексти.

Покрај споделувањето на најдобрите практики, ЗЕЛС се залага за промовирање на родовата еднаквост и социјалната вклученост во локалната политика и планирање при управувањето со отпад. Ние сметаме дека одржливото управување со отпад бара вклучување на сите членови на заедницата, без оглед на нивниот род, возраст или социјално потекло.

За таа цел, ние тесно соработуваме со локалните власти за да ги идентификуваме потенцијалните родови предизвици и можности во управувањето со отпадот и да се осигураме дека е дадено подеднакво внимание на потребите и на мажите и на жените  во процесите на развој на политиките и при донесувањето одлуки. Со интегрирање на родовата перспектива, ние се стремиме да создадеме поинклузивни, рамноправни и ефективни практики за управување со отпад од кои корист ќе има секој граѓанин во нашите заедници. Нашата соработка со националните министерства е особено значајна. Нивното стратешко водство и поддршка се составен дел на успехот на проектот. Тесно соработуваме со нив за да обезбедиме дека проектните активности се усогласени со националните приоритети и политики, особено во однос на управувањето со отпадот, животната средина и целите за пристапување во ЕУ.

Воедно, од исклучителна важност е нашата соработка со единиците на локалната самоуправа. Локалните власти се на првата линија на испорака на услуги, во непосредна интеракција со нашите заедници и имаат длабоко разбирање за локалниот контекст и предизвици. Сметаме дека нивното активно учество и придонес се клучни за развивање и спроведување на ефективни и одржливи решенија за управување со отпадот. Нашата цел е да ги зајакнеме нивните капацитети, да промовираме размена на искуства и да им овозможиме да играат проактивна улога во областа на управувањето со отпад. Оваа соработка со општините не само што ги оснажува, туку и гарантира дека проектните резултати се прилагодени на специфичните потреби и услови на нашите локални заедници.”

## КАЈА ШУКОВА, МИНИСТЕРКА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ



“Како што Северна Македонија се стреми да се приклучи на Европската унија, нашата земја треба да ги усогласи своите политики и практики со еколошките стандарди на ЕУ, кои се изложени во Поглавјето 27 од пристапните преговори.

Министерството за животна средина и просторно планирање е посветено на усогласување на еколошките стандарди на Северна Македонија со строгите еколошки барања на ЕУ, а проектот „Одржливо управување со отпад на локално ниво“ игра значајна улога во нашата стратегија.

Нуди систематски и интегриран пристап за управување со отпад, поттикнување на градење капацитети на сите нивоа и промовирање усогласеност со стандардите на ЕУ.

Цврсто веруваме дека овој проект ќе ни помогне да го зајакнеме управувањето со животната средина и да ги подобриме системите за управување со отпад низ целата земја. Овој потфат не е само за исполнување на одредниците на ЕУ; се работи за поттикнување на одржливиот развој, заштита на нашите природни ресурси и подобрување на квалитетот на живот на нашите граѓани.

Преку овој проект, испраќаме јасен сигнал до Европската унија за нашата сериозност и посветеност да се придржуваме до нивните норми за животна средина. Ја разбираме сериозноста на задачата, но уверени сме дека со заеднички напори и континуирана поддршка од нашите меѓународни партнери, ќе направиме значителни чекори кон пристапувањето во ЕУ.

Во однос на целите за одржлив развој, нашите стратегии директно ги поддржуваат целите како што се Одржливи градови и заедници (ЦОР 11), Одговорна потрошувачка и производство (ЦОР 12) и Климатска акција (ЦОР 13). Со ефективно справување со управувањето со отпадот, ние придонесуваме кон глобалните напори за создавање поодржлив свет.”

# 3 НАШИТЕ ЗЕЛЕНИ ПОБОРНИЦИ: ФОКУС ВРЗ ПИЛОТ ОПШТИНИТЕ

**Добредојдовте во нашата мрежа на зелени поборници - пилот општините кои предничат во одржливото управување со отпадот. Овие општини се срцето на проектот, секоја со своите уникатни предизвици и силни страни, заедно сликајќи разновиден пејзаж на управување со отпад во Северна Македонија.**

**Секоја општина се соочува со уникатен низ предизвици во управувањето со отпадот. Од управување со зголемени количини отпад со ограничени ресурси, до справување со сложеноста на ефикасното планирање за управување со отпадот, овие општини се на првата линија во битката за управување со отпадот. Проектот ќе го поддржи процесот преку ресурси и експертиза, претворајќи ги нивните предизвици во можности.**

*Мапа на општини*




## Југоисточен регион

**Население:** 177,398
**Општини:** 9
**Урбани:** 52.2
**Рурални:** 47.8

## Пелагониски регион

**Население:** 210,431
**Општини:** 9
**Урбани:** 69.9
**Рурални:** 30.1

*Извор: Попис, 2021*

| ПРЕДИЗВИК | ПРИСТАП | РЕЗУЛТАТ |
|---|---|---|
| *Недостиг на стратешки пристап во услугите за управување со отпад* | *Изработка на локални акциски планови во согласност со Оперативниот регионален план за управување со отпад* | *Рационализирани и ефикасни операции за управување со отпад преку успешен развој и спроведување на ЛАП и активности од ОРПУО* |
| *Несоодветно управување со податоци за донесување информирани одлуки и ефективни практики за управување со отпад* | *Развој на сеопфатни анализи и студии и идентификација на најдобри практики за управување со отпад* | *Информирано донесување одлуки и ефикасно извршување на услугите за управување со отпад* |
| *Ограничено земање предвид на родовите и перспективите на ранливите групи во практиките за управување со отпад.* | *Воведување на родовата перспектива во главните текови во планирањето за управување со отпад, употреба на родово разделени податоци за информирано донесување одлуки, истовремено обезбедувајќи активно учество на ранливите групи.* | *Поинклузивна и рамноправна испорака на услуги за управување со отпад што ги задоволува специфичните потреби на сите.* |
| *Ограничени финансиски, човечки и технички ресурси* | *Истражување механизми за подобра распределба на ресурси, искористување и мобилизација за иницијативи поврзани со отпадот* | *Поефикасно користење на ресурсите и подобрен пристап до можности за финансирање за иницијативи и проекти поврзани со отпадот* |
| *Отсуство на координација и соработка меѓу различни општини* | *Унапредување на меѓуопштинската соработка во областа на управување со отпад* | *Ефикасни практики и услуги за управување со отпад преку споделување ресурси и заеднички пристап* |
| *Ограничена изложеност на иновативни и успешни практики за управување со отпад* | *Организација на регионални и меѓународни студиски посети за размена на идеи и најдобри практики за одрживо управување со отпад* | *Подобрено разбирање и усвојување на успешни меѓународни практики за управување со отпад* |



### СТЕВЧЕ СТЕФАНОВСКИ, ГРАДОНАЧАЛНИК НА НОВАЦИ

“Како градоначалник на општина Новаци, изразувам искрена благодарност за нашето вклучување во проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво во Северна Македонија“. Оваа иницијатива ветува значително подобрување во нашето планирање и развој на капацитетите за управување со отпад, означувајќи витален чекор кон одржлива и почиста животна средина.

Очекуваме значителни подобрувања во обезбедувањето услуги за управување со отпад и поефикасно проширување на овие услуги за сите наши граѓани. Со активно учество во овој проект, ние не само што се соочуваме со проблемот со отпадот, туку го трансформираме во ресурс, што може да доведе до значителни промени со далекусежни еколошки и економски импликации.

Еден клучен аспект на овој проект е неговиот фокус врз зајакнување на капацитетите на Регионалното јавно комунално претпријатие кое наскоро треба да се формира, кое е предвидено да управува со регионалната депонија во општина Новаци. Поддршката на проектот за зајакнување на капацитетите на комуналните претпријатија е непроценлива, промовирајќи ефикасни практики за управување со отпад кои се придржуваат до стандардите на ЕУ и ја зајакнуваат нашата посветеност кон регионална соработка и одржлив развој”

# 4 ПРВИ ЧЕКОРИ КОН ПРОМЕНА: ПОЧЕТНИ РЕЗУЛТАТИ И ИНОВАТИВНИ РЕШЕНИЈА

**Во текот на воведната фаза на проектот, потрагата по сеопфатно разбирање на моменталната состојба со управување со отпад во земјата доведе до изработка на основни аналитички документи кои даваат прецизен увид и се засновани на иновативни решенија. Овие аналитички документи во наредниот период ќе служат како патоказ што ќе ја води мисијата на проектот.**

**Анализата на депониите фрла светлина на моменталната состојба на местата за депонирање отпад низ регионите, обезбедувајќи суштински сознанија од оваа област.**

**Појдовната студија ја поставува основата за разбирање на тековните практики за управување со отпад, истовремено идентификувајќи ги слабостите но и можностите за подобрување.**

**Истовремено, Оперативниот регионален план за управување со отпад го означува патот кон подобра, поодржлива иднина со наведување детални, практични чекори за општините да ги постигнат своите стратешки цели за управување со отпад**

## НАОДИ ОД АНАЛИЗАТА НА ДЕПОНИИТЕ И ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во очекување на претстојната регионална депонија за Пелагонискиот и Југозападниот регион и согледувајќи ја потребата од холистички пристап, проектот спроведе детална анализа на депониите, вклучувајќи мапирање на 16 општински депонии и нивно рангирање врз основа на нивното потенцијално влијание врз животната средина. Изградбата на санитарна депонија е комплексен предизвик кој бара поблиско разгледување на еколошките, социјалните и социо-економските аспекти, а сето тоа да остане во согласност со политиките и законските барања. И покрај бројните напори направени на ниво на политики во оваа област, општинските депонии во земјата сè уште многу заостануваат во исполнувањето на основните барања.

Анализата на депониите откри потенцијал за користење на нови и иновативни решенија (GIS и Lidar технологии) за утврдување на количествата депониран отпад низ временски периоди и истовремено ја потврди важноста да се има темелен и научен пристап кон изборот на најсоодветната локација за депонија и поврзаните ризици по животната средина.

Резултатите од анализата вклучуваат детални 2Д и 3Д карти на сите 16 општински локации, презентација на промените во нивната област и обем со текот на времето (2009-2021г.) и проценка на трошоците за санација и затворање. Исто така, анализата содржи рангирање на локациите на депонии врз основа на ризикот што тие го претставуваат за нивната животна средина. Единаесет рестриктивни фактори како што се близината на изворите на вода, заштитените подрачја, земјоделските зони и населбите со луѓе беа ставени на мапа и наредени еден до друг, изложувајќи ги областите погодни за локација на депонии. Добиената класификација откри дека 14 од постојните депонии се наоѓаат во зони кои претставуваат потенцијален ризик за јавното здравје и само четири од локациите ги исполнуваат основните еколошки и законски критериуми, а Мегленци е најбезбедна локација.

Анализата на депониите беше доказ за концептот кој покажува како методскиот и прецизен пристап кон управувањето со отпадот создава можности за информирано донесување одлуки и инклузивен дијалог со пошироката заедница. Овој пристап ја нагласува посветеноста на нашата земја за заштита на животната средина и ќе биде метод за дизајнирање и реализација на проектни активности.

*Класификација на ризик*

| МЕСТО | БОДОВИ |
|---|---|
| Мегленци | 6.62 |
| Македонски Брод | 5.86 |
| Омец | 5.81 |
| Кичево | 3.65 |

*повисока оценка означува помал ризик*

*Промени во површината на депонијата*



*2009* *2017* *2021*

# НАОДИ ОД ПОЈДОВНАТА СТУДИЈА И УВИД ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ

Појдовната студија дава детална перспектива за состојбата со управувањето со отпад, откривајќи ги институционалните предизвици во спроведувањето на политиките и расветлувајќи ги услугите за комунален отпад и перцепциите на јавноста во Пелагонискиот и Југозападниот регион.

И покрај тоа што 82% од населението во Пелагонискиот и Југозападниот регион добива услуги за собирање отпад, покриеноста опаѓа во руралните области. Постои значителен јаз помеѓу проценетото создавање на отпад и вистинскиот собран отпад. Загрижувачки е што значителен број диви депонии се расфрлени низ овие региони, со 109 во Пелагонија и 85 во југозападниот регион, што претставува значителен ризик за животната средина.

Истражувањето на јавното мислење открива дека постои свесност за непосредните ефекти на отпадот врз животната средина, но сепак, управувањето со отпадот не е високо рангирано меѓу приоритетите на граѓаните за подобрувања на услугите на локално ниво. Недостатокот на соодветни контејнери за селекција претставува бариера за учеството во селектирањето отпад, но сепак, значително мнозинство граѓани е подготвено да се вклучи во селектирање доколку тоа го побара нивниот давател на комунални услуги.

## *Причини поради кои не се селектира отпадот од домаќинствата*




Задоволството од услугите за собирање отпад е на релативно високо ниво од 54%, што ја надминува стапката на задоволство на национално ниво за сите општински услуги. Сепак, руралните области даваат поинаква слика, укажувајќи на повисоко ниво на незадоволство, кое е поврзано првенствено со несоодветната услуга за собирање отпад. Појдовната студија, исто така, истакна голем број клучни области кои треба да се зајакнат со цел да постигнеме оптимален стандард за управување со отпадот во земјата. Тие се движат од институционална наместо функционална децентрализација, неправилно и неконзистентно управување со податоците за отпадот, до отсуство на ефикасна координација помеѓу националните и локалните иницијативи. За да ја подобриме испораката на услуги, треба да се фокусираме на зајакнување на ефективноста на планирањето, систематско идентификување и споделување на најдобрите практики и повешто локализирање на политиките за управување со отпад.

Со овие сознанија кои ни се на располагање, сега е моментот да дејствуваме. Приоритетизирајќи го ефикасното планирање за управување со отпадот, намалувањето на порастот на дивите депонии и застапувањето за сегрегација на отпадот, можеме повторно да го преобмислиме управувањето со отпадот. Овие наоди ќе послужат како камен-темелник на мисијата на нашиот проект, поттикнувајќи нè да ја зајакнеме одржливоста и да ги инспирираме локалните заедници да бидат проактивни. Со заеднички напори, не само што придонесуваме кон ефикасно управување со отпадот, туку градиме и почиста, позелена Северна Македонија.

## *Задоволство од услугите поврзани со управување со отпад*



# Визија на Планот

**Регион за управување соотпад кој соодржливо, ефективноуправување со отпадот и ефикасно користење на ресурсите, ја стимулира економијата, овозможува брз развој и квалитетен живот за сите.**

*Клучни цели:*

1 **Обезбедување услуги (собирање и трансп ортирање на отпад) на што поголем број корисници**

*Поддршка за граѓаните да го остварат правото на универзална услуга преку зголемување на покриеноста со услуги за собирање и транспорт на отпад.*

2 **Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад**

*Поддршка при исполнување на националните цели за селектиран и рециклиран отпад и приближување на земјата до моделот на циркуларна економија.*

3 **Намалување на количините органски отпад што завршуваат на депонијата**

*Поддршка при отстранување на органскиот отпад од депониите, со што се намалуваат емисиите на метан и се користи органскиот отпад како ресурс за земјоделство и градинарство.*

4 **Изградба на депонија согласно стандардите на ЕУ**

*Изградба на регионална депонија за да се создаде економија на обем во управувањето со отпадот и формирање регионално комунално претпријатие кое ќе ја управува.*

5 **Затворање и санација на ѓубришта**

*Затворање на ѓубришта и создавање чиста и потхранувачка средина во која луѓето можат да уживаат и со која можат да се гордеат.*

6 **Обезбедување приходи кои целосно ќе ги покријат трошоците за управување со отпад**

*Создавање одржлив систем за управување со отпад каде што комуналните претпријатија се финансиски независни и можат да обезбедат целосна покриеност со услуги за управување со отпад.*

За повеќе информации и за пристап до документите, ве молиме скенирајте го QR-кодот.





## ДАРКО БЕЛЕВСКИ, РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА ЛЕР ВО ОПШТИНА КИЧЕВО

“Преку нашето учество во проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво во Северна Македонија“ заеднички го обликуваме Оперативниот регионален план за управување со отпад. Учествувајќи на бројни работилници на кои отворено комунициравме со општините од двата плански региони. Планот опфаќа SWOT анализа на состојбите со отпадот и доколку се пристапи кон негово посветено имплементирање, сигурно ќе придонесе кон подобрување на практиките и ефикасно и економски оправдано работење на општините и комуналните претпријатија.
Важно е да се признае дека сите мерки од ОРПУО имаат подеднакво значење и меѓузависност. За време на имплементацијата на ОРПУО, секоја општина треба постојано да се залага, независно или кооперативно, да ја зголеми свеста за правилно селектирање и депонирање на отпадот, и тоа да го применува на терен. Овие напори треба да ја имаат на ум пошироката слика – активно да придонесува кон функционирањето на Регионалното јавно комунално претпријатие, но и кон интегриран систем за управување со отпадот на регионално ниво.”



## ВЕРА РАУНИК, РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И РЕГИОНАЛНИ ДЕПОНИИ ПРИ ОПШТИНА ОХРИД

“Сеопфатно развиениот план за управување со отпад го има клучот за разбирање на видовите и обемот на создаден отпад. Ваквиот план не само што ги насочува стратегиите за спречување на создавање отпад, туку исто така го истакнува потенцијалот за негова повторна употреба и методите за минимизирање на количините наменети за отстранување.
Во оваа насока, Оперативниот регионален план за управување со отпад се појавува како водилка, која наведува јасни насоки кои ќе нè насочат кон постигнување одржливо управување со отпадот во регионот. Планот претставува суштински инструмент во остварувањето на нашата заедничка визија, демонстрирајќи ја колективната посветеност за поодржлива иднина. Со имплементацијата на ОРПУО, општините можат систематски да го подобрат постојниот систем за управување со отпад. Овој напредок ќе се состои од надградба на административните капацитети, техничката инфраструктура и подигањето на јавната свест за обврските што произлегуваат од законските норми, како и за долгорочните придобивки од соодветното управување со отпадот.”





# 5 ОСНАЖУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ: ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИНКЛУЗИЈА, УЧЕСТВО И РОДОВА ЕДНАКВОСТ

**На патот кон одржливо управување со отпадот, од темелно значење е да се охрабрат заедниците да ја прифатат инклузијата, учеството и родовата еднаквост. Овие принципи служат за трансформирање на системите за управување со отпад во алатки за рамноправност и ефикасност. Еднаквите услуги за жените, мажите, девојчињата и момчињата е важен дел од подобрувањето на испораката на услугите. Потребите, приоритетите и желбите на жените и мажите треба да имаат подеднакво влијание врз распределбата на ресурсите. Интегрирањето на родовата перспектива во планирањето и испораката на услуги ќе ја зголеми ефикасноста на напорите за управување со отпадот.**

**Слично на ова, аспектот на социјалната инклузија, особено насочена кон ранливите групи, зазема централно место во поттикнувањето на интеграцијата во заедницата. Препознавањето на уникатните предизвици со кои се соочуваат овие групи и поведувањето грижа за да се задоволат нивните потреби им дава на стратегиите за управување со отпад холистички пристап. Ова е суштината на оснажувањето на заедницата - кога секој нејзин член е ангажиран, управувањето со отпадот повеќе не е само предизвик, туку моќна можност за раст и развој.**



### АСИБ ЗЕКИР, РЕДИ РЕЦИКЛАЖА

“Нашата компанија, РЕДИ Рециклажа, работи по деловен модел на социјално претпријатие, кое што се стреми кон организирање и формализирање на неформалните собирачи на отпад, притоа воспоставувајќи систем за примарна селекција на отпад, конкретно за пластика и хартија. Овие неформални собирачи долго време играа непроценлива улога во зачувувањето на животната средина и подобрувањето на практиките за управување со отпадот.

Неофицијални истражувања упатуваат на тоа дека во нашата земја веројатно има околу 5000 такви собирачи кои активно учествуваат во собирањето, селекцијата и транспортот на секундарните суровини. Моделот за рециклирање РЕДИ покажува како активностите на овие собирачи може да се вкрстат со нашите секојдневни навики за потрошувачка и отпад од пакување. Доколку овој модел систематски се имплементира и доколку примерите на РЕДИ за поддршка за ранливите граѓани дополнително се реплицираат, убеден сум дека можеме значително да го подигнеме учеството на оваа недоволно застапена и маргинализирана група во општеството.”





### МАРИЈА РИСТЕСКА, ЕКСПЕРТ ЗА РОДОВИ ПРАШАЊА

“Управувањето со отпадот, иако често се смета за родово неутрално, е доминантно под влијание на машките перспективи, бидејќи тие го сочинуваат мнозинството работна сила и се најчесто носители на одлуките. Сепак, интегрирањето на родовата перспектива е од клучно значење за ефективно управување со отпадот, бидејќи жените играат различни улоги во создавањето, селекцијата, рециклирањето и одлагањето на отпадот.

Разбирањето на родовите улоги во локалните заедници е од витално значење. Додека жените извршуваат различни одговорности, нивната интеракција со услугите за управување со отпад добива различни димензии, честопати ставајќи ги во фокус критичните прашања за безбедност и пристапност. Во овој контекст, нивното активно вклучување е од суштинско значење не само во сегрегирањето на отпадот на изворот, туку и во застапувањето за безбедна и достапна инфраструктура за рециклирање, што пак треба да е обезбедено како неизоставна должност на локалните власти.

Родовата динамика во управувањето со отпад влијае и врз општествените погледи за отпадот и навиките за рециклирање. Во Северна Македонија конкретно, ангажирањето на жените во селектирањето и рециклирањето на отпадот може да го зголеми приходот на домаќинството. Компаниите во кои има инклузија на жени во одлучувањето за управувањето со отпад често покажуваат подобрени финансиски резултати, ефикасност и иновативност.
Оттука, стратегиите за одржливо управување со отпад треба да вклучат родова перспектива, анализирајќи ги улогите, потребите и интересите на мажите и жените и олеснувајќи го учеството на жените. Тоа ќе не доведе до поправедно општество и поефикасно локално управување со отпадот.”



### БОРЧЕ КУЗМАНОВСКИ, ГРАЃАНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА GO GREEN

“Граѓанските организации играат незаменлива улога во подобрувањето на услугите за управување со отпад, фокусирајќи се на поттикнувањето на јавната свест, застапување на подобрувања на политиките, олеснување на активностите во заедницата, остварување синергија со засегнатите страни, и ревизорските процеси. Нашите тековни образовни кампањи ја нагласуваат важноста од намалување на отпадот, рециклирање и одговорно одложување.
Ние упорно се залагаме за дизајнирање и спроведување на законодавството за управување со отпад, соработувајќи и со националните и со локалните власти. Преку активно вклучување во изработката на програми, планови и стратегии за управување со отпадот, го поттикнуваме ангажманот на заедницата.
Како посредници меѓу граѓаните и институциите, се грижиме граѓаните да се информирани и вклучени во институционалните активности, потсетувајќи ги институциите на нивните законски обврски. Со ангажирање во мапирање на проблеми, тестирање решенија и подигање на свеста, ние додаваме вредност. Меѓутоа, за да се остварат долгорочни, видливи резултати, треба засилена и систематска соработка.”

# 6 ПРОСЛАВУВАЊЕ НА НАПРЕДОКОТ: УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ ОД ШВЕДСКА, СРБИЈА И СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПЕР-ОЛОФ ХАЛБЕРГ, ЕКСПЕРТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД, ШВЕДСКА



“Навигацијата по строгото законодавство за управување со отпадот, воведено во раните 1990-ти, беше голем предизвик за малите до средни општини во Шведска. Задачите кои се пропишуваа, како што се изготвување сеопфатни планови за управување со отпад, оптимизирање на логистиката и собирање, управување со депониите и известување до владата, бараа повеќе ресурси и експертиза од она што беше индивидуално достапно. Оваа итна потреба за заеднички пристап за ефикасно справување со овие предизвици доведе до воспоставување на регионални кооперативни системи. Gästrike Återvinnare, или Gästrike Recyclers на англиски, формиран во 2001 година, е светол пример за таков кооперативен систем создаден да ги задоволи овие потреби.
Gästrike Återvinnare опфаќа пет различни општини, кои имаат од 5.000 до 100.000 жители. Соработката беше од суштинска природа, особено за помалите општини, за да се справат со новите стандарди за управување со отпад. Со обединување под Gästrike Återvinnare, општините добија можност да ги здружат своите ресурси, да го споделат знаењето и инвестициските трошоци, со што отпадот, од товар, ќе го трансформираат во ресурс.
За да се имплементира оваа парадигматска промена, здружението вработуваше специјалисти од различни области, вклучувајќи комуникација, логистика, животна средина, услуги на клиентите и едукација за животната средина. Потоа, Gästrike Återvinnare започна со реновирање на системот за управување со отпад. Беше воспоставен заеднички систем на тарифи, заснован на идејата: „колку подобро сортирате, толку помалку плаќате“. Оваа политика ги поттикна жителите и деловните субјекти ефективно и одговорно да го селектираат отпадот. Понатаму, беа иницирани заеднички напори за создавање „еколошки соби“ за собирање амбалажа од станови и бизниси, воспоставување систем за собирање опасен отпад и започнување со собирање отпад од храна.
Во текот на изминатите 20 години, Gästrike Återvinnare постигна значителен напредок во управувањето со отпадот. Без соработка, општините немаше да го постигнат досегашниот степен на успех.

**Клучните достигнувања вклучуваат:**

- Широк опсег на собирање отпадоци од храна низ целиот регион, од корист за домаќинствата, компаниите, ресторантите и хотелите, со висококвалитетно компостирање (98%) како резултат на сеопфатни комуникациски иницијативи.
- Сопственост и работа на постројка за биогас што произведува гориво за возила и биоѓубрива.
- Инвестиција во нови возила за собирање смет и ефикасни системи за собирање на различни видови отпад.
- Одржување на одржлив систем на тарифи во целиот регион кој ги покрива оперативните трошоци.
- Единаесет центри за рециклирање за собирање на кабаст отпад, опасен отпад, електронски отпад и повеќекратни материјали.
- Добро развиена едукативна програма за граѓаните и училиштата, предводена од двајца едукатори за животна средина.

Тековните напори се насочени кон воспоставување на собирна точка крај тротоарите за секоја куќа во регионот, амбициозен проект кој би бил неизводлив без силна меѓуопштинска соработка. Оваа подобрена услуга, делумно финансирана од производителите, се очекува да нема дополнителни трошоци за клиентите.

Примерот на Gästrike Återvinnare ја нагласува моќта на регионалната соработка во справувањето со сложените предизвици како што е управувањето со отпадот. Со здружување ресурси, споделување на знаење и промовирање на взаемна корист, општините можат да ги трансформираат своите системи за управување со отпад, да ја подобрат испораката на услуги и да се движат кон одржлива иднина.”

# Работиме здружено за промената која сакаме да ја видиме







## РУБИН АБРАШОСКИ, ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВО ПРИЛЕП

“Нашето јавно комунално претпријатие „Комуналец“ Прилеп е поборник за ефикасно управување со отпадот и чувар на животната средина, поттикнувајќи го одржливиот развој во нашата заедница. Ние ги усогласуваме нашите активности со меѓународните договори и законодавството, поттикнувајќи култура на одговорно постапување со отпад кај граѓаните.

Во 2008 година започнавме проект кој се фокусира на сегрегација на корисни отпадни материјали. Започнавме со скромни 40 контејнери, кои на крајот се развија во сеопфатен модел за селекција на отпад од врата до врата. Го опремивме нашиот систем со потребната инфраструктура и специфични возила за собирање отпад, усвојувајќи модел со две канти за лесно сортирање на суви и влажни фракции.

Нашиот систем сега вклучува над 23.000 канти за мешан и селектиран отпад, 48 контејнери за стакло и 30 за градежен шут. Нудиме и дополнителна линија за собирање на предимензиониран отпад, спречувајќи создавање диви депонии или ѓубришта.

Нашата ефикасна инфраструктура и експертизата на вработените, во комбинација со ангажманот на граѓаните, ни овозможија да постигнеме значителна стапка на селекција на отпадот. Годишно собираме околу 2.000 тони селектиран отпад, со продадени 1.000-1.200 тони.

Нашиот актуелен предизвик е завршување на изградбата на Центарот за управување со отпад. Овој проект, кој е од витално значење за нашата заедница, изискува финансиските средства кои во моментов не ни се недостапни. Неговата конечна реализација ветува зголемување на селектираниот отпад, полесно постигнување на целите и подобрена заштита на животната средина.

Исто така, планираме да воведеме трета канта исклучиво за чист биоразградлив отпад и да изградиме фабрика за компостирање од мал обем. Понатаму, работиме да го прошириме собирањето отпад во оддалечените области и да се справиме со отпорот за сегрегација на отпадот меѓу одредени заедници.

Нашите досегашни достигнувања беа можни поради посветеноста на иновациите и упорноста, дури и кога се соочуваме со најпредизвикувачки околности. Ние веруваме во директна комуникација со граѓаните, едукативни кампањи и медиумска соработка.

Нашето патување кон одржливо управување со отпадот е слично на создавање мозаик, при што нашите граѓани играат клучна улога. И покрај предизвиците, ние истрајуваме, водени од визијата за подобра средина и квалитетен живот. Ги покануваме сите да ни се придружат во овој потфат и храбро да ги спроведуваат одлуките за одржлива иднина.”



### СРЃАН ПАНТОВИЌ, ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ЗЛАТИБОР“, ОПШТИНА ЧАЈЕТИНА, СРБИЈА

“Пред почетокот на проектот „Поддршка на локалните самоуправи во Србија на патот кон пристапување во ЕУ - заштита на животната средина“, општината имаше јасна визија да стане првата еколошка општина во Србија, но постоеја области на знаење каде што се бараше подобрување. Локалниот план истекуваше и не беше пошироко разбран во општината затоа што беше изработен од консултанти. Иако постојниот систем за управување со отпад функционираше добро, немаше примарна селекција на отпадот на местото на создавање, што веќе беше законска обврска. Обидите да се воведе примарна селекција на отпадот преку употреба на контејнери на јавни површини беа неуспешни поради тешкотиите во воспоставувањето контрола врз процесот на селекција.

За да се одговори на овие предизвици, од клучно значење беше да се соберат сите засегнати страни на иста маса. Формирана беше работна група, составена од претставници од општинската администрација, комуналното претпријатие, регионалната депонија, инспектори од заедницата, претставници од училиштата и членови на здруженија за лица со попреченост. Со текот на времето, групата разви подобро разбирање за гледиштата на другите и почна да размислува за начини за подобрување на системот за сечија корист.

Важен чекор беше да се започне дискусија со секоја група посебно, објаснувајќи ги законските регулативи и како тие замислуваат да функционира новиот систем за управување со отпад, кој предвидува сепарација на отпадот на местото на создавање. Придонесите и вклученоста на граѓаните во изготвувањето на стратешките документи беа од непроценлива важност за спречување на непредвидени грешки.

Изработката на планските документи траеше околу една година, во што беа вклучени поголем број луѓе и организации. Локалниот план за управување со отпад се донесе во 2019 година, по што започнавме со дефинираните активности за имплементација на новиот систем. Покрај зајакнувањето на техничките и човечките капацитети, реорганизиравме и одредени сектори и ангажиравме млади луѓе. Во моментов, успешно го собираме првенствено селектираниот отпад од домаќинствата во областа Чајетина, која е административен центар на нашата општина. Почнавме да дистрибуираме канти за отпад до домаќинствата во Златибор, кој е значаен туристички центар. Се гордееме



со фактот што голем број домаќинства се многу добри во селекцијата на отпадот. Сувиот отпад што доаѓа од сините канти е 95-97% чист, што укажува на добар квалитет за понатамошно рециклирање.

Клучните фактори за успех на одржливото управување со отпадот вклучуваа добра комуникација и разбирање помеѓу локалната власт и комуналното претпријатие. Беше неопходно носителите на одлуки и извршителите да соработуваат за да изготват и усвојат ефективна планска документација, да обезбедат средства за набавка на возила и опрема и да изградат инфраструктурни објекти придржувајќи се до усвоениот план. Од критична важност беше и добрата организација во комуналното претпријатие и контролниот систем и за вработените и за корисниците. Згора на тоа, одржувањето на отворена комуникација со корисниците, водење ефективни кампањи и директно вклучување на голем број корисници во процесот се покажа како клучно. Секој граѓанин или претприемач вклучен во текот на подготовката стана застапник и едукатор во своите кругови. Како резултат на тоа, речиси секој жител во општината сега е информиран за системот за селекција на домашниот отпад. Клучната улога што ја играат искусни и технички вешти консултанти во подготовката на планската документација дополнително ја нагласува важноста на експертизата и искуството во спроведувањето и подобрувањето на системите за управување со отпад.”

# 7 МУГРИ НА НОВА ЕПОХА: ПРОЕКТИРАНИ ИСХОДИ И ВИЗИЈА ЗА ИДНИНАТА

**Проектот за одржливо управување со отпад на локално ниво ветува дека ќе воведе нова ера на подобрени услови за живот за жителите во партнерските општини.**

**Ајде да истражиме како оваа посветла и поодржлива иднина ќе се развива додека проектот напредува:**

## ПОЗЕЛЕНИ ПРОСТОРИ ЗА ЖИВЕЕЊЕ

Напредните стратегии за управување со отпад ќе резултираат со почисти и поатрактивни населби, создавајќи пријатна и здрава средина за семејствата и за поединците.

## ИНКЛУЗИВНИ УСЛУГИ ЗА СЕКОГО

Со фокусирање на потребите на сите членови на заедницата, проектот ќе поведе грижа услугите за управување со отпадот да се достапни и корисни за секој граѓанин, без оглед на родот, возраста или потеклото.

## ЕФИКАСНА СОРАБОТКА ЗА ПОДОБРИ РЕЗУЛТАТИ

Како што различни засегнати страни се здружуваат и соработуваат поефикасно, секторот за управување со отпад ќе доживее подобрена имплементација на политиките и регулативите. Ова ќе доведе до посигурен и поодговорен систем кој може да се прилагоди на растечките потреби на заедницата.



# подобрен квалитет на живот

*„Во оваа замислена иднина, партнерските општини ќе ги жнеат придобивките од одржливите практики за управување со отпадот, почиста и поздрава животната средина, и подобрен квалитет на живот за сите жители.“*

# 8 ПРИКЛУЧИ СЕ КОН РЕВОЛУЦИЈАТА: АЈДЕ ДА РАБОТИМЕ ЗАЕДНО ЗА ПООДРЖЛИВА ИДНИНА!



**БОЈАНА СТАНОЈЕВСКА ПЕЦУРОВСКА, ЕКСПЕРТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД**

"Сцената за управување со отпад во нашата земја е огромен предизвик во нашето патување кон еколошката одржливост. Вистина е, забележавме алармантно зголемување на обемот на отпадот, додека нашите капацитети за управување не одржуваат чекор. Но, ние не го гледаме ова како криза, туку како повик за акција, што нè повикува на колективна промена.

Во срцевината на ефективното и одржливото управување со отпадот лежат информираните граѓани, вклучените институции и проактивните локални власти. Од витално значење е секој поединец да ја сфати својата улога во обликувањето на пејзажот на управувањето со отпадот. Одржувањето отворен дијалог со заедниците е од клучно значење. Со вклучување на граѓаните во процесите за управување со отпадот, ние осигуруваме дека тие ги разбираат правилните методи за постапување со отпадот и влијанието на нивните постапки. Редовните јавни кампањи од страна на нашата локална власт може значително да го поттикнат ова разбирање.

Колективниот пристап игра суштинска улога во помагањето на општините во нивните напори за ефикасно управување со отпадот. Тие се значајна предност во процесот на подигање на свеста и зајакнување на колективната одговорност. Институционалните напори треба да го надополнат овој пристап со вклучување во теренски посети, одговорање на прашањата за управување со отпад и преку одржување редовна комуникација со заедниците.

Подигнувањето на свеста е континуиран процес, кој треба да вклучува постојано подобрување и да користи нови пристапи. Ова вклучува искористување на социјалните медиуми, традиционалните медиуми, акциите за чистење и промотивните материјали. Но, најефективниот начин за подигање на свеста е преку директни, редовни средби и силна соработка со нашите граѓани.

Затоа овој проект е повеќе од само иницијатива; тој е револуција за одржливо живеење. Меѓутоа, на оваа револуција и треба моќта на колективното дејствување, ѝ требате вие. Секој од нас, од членовите на заедницата до бизнисите и единиците на локалната самоуправа, го има клучот за создавање трансформативно влијание врз нашата животна средина.

Ајде заедно да одиме по овој пат. Придружете се на револуцијата и ајде да направиме разлика!"

*"Затоа овој проект е повеќе од само иницијатива; тој е револуција за одржливо живеење. Меѓутоа, на оваа револуција и треба моќта на колективното дејствување, ѝ требате вие."*

# БЛАГОДАРНОСТ

Изразуваме најдлабока почит до сите што играат клучна улога во овој трансформативен проект. Значајниот напредок што го постигнавме досега е директен резултат на непоколебливата посветеност и колективните напори на разновидна мрежа на засегнати страни.

Ја изразуваме нашата срдечна благодарност до нашите донатори, партнери, локални власти, професионалци за животна средина и многуте посветени поединци кои вредно работат зад сцената. Вашата посветеност за негување еколошка одржливост и оснажување на заедниците е столбот на оваа иницијатива.

Понатаму, сакаме да го признаеме непроценливиот придонес на заедниците и поединците кои ни се придружија во овој потфат. Вашата желба за учество, учење и преземање акција е моќен доказ за влијанието на колективната одговорност.

Ви благодариме што ни се придруживте на ова патување. Вашето учество придонесува кон поодржлива, почиста и позелена иднина за сите.



**ХЕЛЕНА ОЛСОН,**
**ПРОЕКТЕН МЕНАЏЕР**
**helena.ohlsson@skr.se**



**ЈАМА ОМАРИ,**
**ЗАМЕНИК ПРОЕКТЕН МЕНАЏЕР**
**yama.omari@skr.se**



**ЕМИЛ АНГЕЛОВ,**
**ТИМ ЛИДЕР**
**emil.angelov@salarinternational.se**




**МАРТИН НИКОЛИЌ,**
**ВИШ ПРОЕКТЕН КООРДИНАТОР**
**martin.nikolikj@salarinternational.se**



**БОЈАНА СТАНОЈЕВСКА ПЕЦУРОВСКА,**
**ЛОКАЛЕН ЕКСПЕРТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД**
**bojana.stanojevska@salarinternational.se**



**МАРИЈА АЛЕКСОВА,**
**КООРДИНАТОР ЗА ТЕХНИЧКА И АДМИНИСТРАТИВНА ПОДДРШКА**
**marija.aleksova@salarinternational.se**



**ПЕР-ОЛОФ ХАЛБЕРГ,**
**ЕКСПЕРТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД**
**pelle.hallberg@salarinternational.se**



**ВЕСНА КАРДАЛЕВСКА,**
**ЛОКАЛЕН ЕКСПЕРТ ЗА РАЗВОЈ НА КАПАЦИТЕТИТЕ**
**vesna.kardalevska@salarinternational.se**



*Ајде заедно да одиме по овој пат. Придружете се на револуцијата и ајде да направиме разлика!*


SALAR International
A part of the Swedish Association of Local Authorities and Regions

Sweden Sverige

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Vetëqeverisjes Lokale

ЗЕЛС